**20211221990**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 1 јуни 2021 година.

Бр. 08-2649/1
1 јуни 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА

Член 1

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија" број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19 и 302/20), во член 292 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) По исклучок од ставовите (2) и (4) на овој член, за време на траење на Пандемијата прогласена од Светската Здравствена Организација во врска со заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, при спроведување на вториот практичен дел од возачкиот испит на кандидат за возач, во возилото се присутни претседателот на испитната комисија и испитувачот по практичен дел" .

Член 2

Во член 306 ставот (4) се менува и гласи:

„(4) На граѓаните кои зборуваат на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, по службена должност образецот на возачката дозвола се печати и податоците во него се запишуваат и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.".

Во ставот (5) зборовите: „службениот јазик" се заменуваат со зборовите: „македонскиот јазик што го зборуваат помалку од 20% од граѓаните".

Член 3

Во член 307 ставот (4) се менува и гласи:

„(4) На граѓаните кои зборуваат на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо, образецот на возачката книшка од ставот (1) на овој член се печати и податоците во неа се запишуваат и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо“.

Во ставот (5) зборовите: „службениот јазик“ се заменуваат со зборовите: „македонскиот јазик што го зборуваат помалку од 20% од граѓаните“.

Член 4

(1) Одредбата од членот 405 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19 и 302/20), нема да се применува до 1 јануари 2022 година.

(2) На граѓаните кои што се имаат стекнато со потврда за положен возачки испит за категориите „АМ“, „А2“ и „Т“ до 1 јануари 2019 година и на граѓаните кои ќе положат возачки испит за категориите „АМ“, „А2“ и „Т“ до 1 јануари 2022 година, Министерството за внатрешни работи им издава потврда за положен возачки испит со право за управување возило во сообраќајот.

(3) Потврдата од ставот (2) на овој член, се издава со важност до 1 јануари 2022 година.

Член 5

Возачките дозволи и возачките книшки, кои го содржат натписот „Република Македонија“ издадени до денот на започнувањето на примената на овој закон, ќе важат до истекот на рокот на важење кој е наведен во возачката дозвола, најдоцна до 12 февруари 2024 година.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, освен одредбите од членовите 2 и 3 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат од 1 јули 2021 година.